2023

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.03.2023Г

I Квартал

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД ....................................................................................................................3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.01- 31. 03. 2023 Г ....................................................................................................3

ПРИХОДИ...............................................................................................................4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2023 Г ....................................................................................5

ТРОШОЦИ..............................................................................................................6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2023Г ........................................................................................6
Трошоци за вработените ..........................................................................................6
Патни и транспортни трошоци ...................................................................................7
Заеднички трошоци ..................................................................................................7
Програмски права ....................................................................................................8
Останати трошоци од работење ..................................................................................9
Инвестиции...............................................................................................................9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2023 Г..........................................................................9

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2023 г. ...............................................14

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА, РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2023 Г .........................................14

Побарувања од купувачите во земјата .....................................................................15
Побарувања од купувачите во странство ..................................................................15

СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2023 Г .................................16

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2023 Г ..........................................17

# ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и / или интернет, со 24 часовно времетраење, дел од програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2023 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 251.935.324 денари и расходи во износ од 247.626.532 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 4.308.792 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01-31.03.2023 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.01.-31.03.2022г. | | Финансиски план 2023г. | | Остварување 01.01.-31.03.2023г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **243,242,730** | **100.0** | **1,172,500,000** | **100.0** | **251,935,324** | **100.0** | **103.6** | **21.5** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **254,392,365** | **104.6** | **1,127,500,000** | **96.2** | **247,626,532** | **98.3** | **97.3** | **22.0** |
| Трошоци за вработени | 115,855,902 | 47.6 | 509,500,000 | 43.5 | 121,242,046 | 48.1 | **104.6** | **23.8** |
| Патни и транспортни трошоци | 532,702 | 0.2 | 5,800,000 | 0.5 | 725,612 | 0.3 | **136.2** | **12.5** |
| Заеднички трошоци | 41,497,991 | 17.1 | 201,290,000 | 17.2 | 42,667,479 | 16.9 | **102.8** | **21.2** |
| Програмски права | 83,635,799 | 34.4 | 358,230,000 | 30.6 | 70,089,651 | 27.8 | **83.8** | **19.6** |
| Останати трошоци од работење | 12,869,971 | 5.3 | 52,680,000 | 4.5 | 12,901,744 | 5.1 | **100.2** | **24.5** |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-11,149,635** | | | | **4,308,792** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 0 | | 45,000,000 | | 0 | | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно** | **0** | | **45,000,000** | | **0** | | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **254,392,365** | | **1,172,500,000** | | **247,626,532** | | **97.3** | **21.1** |

# ПРИХОДИ

Во првото тримесечје од 2023 година во тековното работење на МРТ остварени се приходи во вкупен износ од 251.935.324 денари.

И покрај тоа што согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност, ЈРП МРТ треба да добива средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, државата сеуште не ја исполнува законската обврска и за финансирање на радиодифузна дејност на МРТ и се исплатуваат средства во износ од 55.875.000 денари на месечно ниво, односно во првиот квартал од 2023 година вкупното остварување е 167.625.000 денари.

Во истиот период, од Буџетот на РСМ по основ на финансирање на програмски и техничко технолошки развој остварен е приход во вкупен износ од 75.000.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.549 денари што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2023 година за оваа намена.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 518.593 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 3.389.528 денари или остварување од 8,5% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата, пред се, ги опфаќа приходите по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ, потоа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнително утврдени приходи од минати години и слично.

Приходот по основ на судски одлуки за предмети кои се завршени во корист на МРТ изнесува 30.690 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги) е остварен во износ од 5.303.964 денари што е реализација од 9,6% во однос на планираните средства во Финансискиот план за 2023 година за оваа намена.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2023 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.01-31.03.2022г. | Планирани приходи за 2023г. | Остварени приходи 01.01-31.03.2023г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 25.0 | 66.5 |
| Приход од Буџет на РСМ- средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 62,800,000 | 350,000,000 | 75,000,000 | 119.4 | 21.4 | 29.8 |
| Закупнини | 67,539 | 500,000 | 67,549 | 100.0 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 517,314 | 100.0 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги и останати услуги.) | 39,884 | 2,000,000 | 1,279 | 3.2 | 0.1 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години) | 3,819,849 | 40,000,000 | 3,389,528 | 88.7 | 8.5 | 1.3 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 16,715 | 1,500,000 | 30,690 | 183.6 | 2.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 8,356,429 | 55,000,000 | 5,303,964 | 63.5 | 9.6 | 2.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 50,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **243,242,730** | **1,172,500,000** | **251,935,324** | **103.6** | **21.5** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот 01.01-31.03.2023 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 247.626.532 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2023 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 115,855,902 | 509,500,000 | 121,242,046 | 104.6 | 23.8 |
| Патни и транспортни трошоци | 532,702 | 5,800,000 | 725,612 | 136.2 | 12.5 |
| Заеднички трошоци | 41,497,991 | 201,290,000 | 42,667,479 | 102.8 | 21.2 |
| Програмски права | 83,635,799 | 358,230,000 | 70,089,651 | 83.8 | 19.6 |
| Останати трошоци од работење | 12,869,971 | 52,680,000 | 12,901,744 | 100.2 | 24.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **254,392,365** | **1,127,500,000** | **247,626,532** | **97.3** | **22.0** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 0 | 45,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **45,000,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **254,392,365** | **1,172,500,000** | **247,626,532** | **97.3** | **21.1** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во првото тримесечје од 2023 година бележи остварување во вкупен износ од 121.242.046 денари или 23,8% во однос на средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 120.671.654 денари, потоа трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 135.072 денари како и трошоците за разни видови надоместоци за вработените (помош во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, јубилејни награди и сл.) во вкупен износ од 425.800 денари како и трошоците за едукација (обуки од разни области, учество на советувања, семинари и слично) реализирани во износ од 9.520 денари. Просечната плата во анализираниот периодод од 2023 година изнесува 39.270 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 725.612 денари и истата е реализирана со 12.5 % во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2023 година за оваа намена.

Од реализираните патувања во странство во првото тромесечје за 2023 година би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во: Берлин на Меѓународен земјоделски саем, Истанбул – работна посета на Турската Радио Телевизија, Белград – студиска посета на Радио Телевизија Србија и водење разговори за дигитализација на архивите, Сараево – учество на панел дискусија “ Media and the Environment in the Balkans “ во организација на BIRN, Кишињев, Молдавија - известување од посетата на Министерот за надворешни работи, Виена – светска оркестарска премиера на проектот МАКЕДОНИСИМО, Пекинг – посета на Кинескиот прес комуникациски центар и посетување обука во делот на кинескиот социјално – економски развој, Љубљана - студиска посета на центарот за истражувачко новинарство во Јадранскиот регион – Оштро и средба со професори од Универзитетот Љубљана, Дизелдорф - известување и репортажа од претставување на македонското вино на најголемиот меѓународен саем “Провајн”, Германија - пренос од официјалната посета на премиерот Димитар Ковачевски на Р. Србија итн.

## Заеднички трошоци

Во првиот квартал од 2023 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 42.667.479 денари што е реализација од 21.2% на финансискиот план за 2023 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за суровини и материјали (електричен, технички и материјал за поправка и одржување) остварени во вкупен износ од 752.454 денари, трошоците за канцелариски материјал во износ од 254.491 денари, трошоците за енергија – електрична и топлотна како и за гориво и мазниво во вкупен износ од 13.461.972 денари, трошоците за фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 596.677 денари како и трошоците за аудио и видео линии неопходни при пренос на програмата, а остварени во износ од 2.867.231 денари. Остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за обезбедување на објектите и одржување на хигиена во просториите во вкупен износ од 2.023.464 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опремата во МРТ во износ од 324.498 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари како и трошоците за одржување на возилата во износ од 238.192 денари. Трошоците за комунални услуги исто така се реализирани во рамки на планираните износи и истите изнесуваат вкупно 1.052.426 денари, додека пак за опремата и другите основни средства кои МРТ ги користи во своето тековно работење пресметани се трошоци за амортизација во износ од 12.698.884 денари. Трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 109.834 денари и истите опфаќаат реализаиран платен промет во земјата и странство по основ на тековни плаќања на

обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично. За надомест на трошоците за одржани седници на членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се вкупно 1.821.704 денари, а истите се пресметуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во износ од 479.081 денари кои произлегуваат од плаќањата кон странство во анализираниот период а по основ на откупена филмска и спортска програма. Трошоците за камати од работење и затезни камати остварени се во износ од 1.355.157 денари, а негативни курсни разлики во овој период остварени се во износ од 1.294.769 денари и истите произлегуваат и се пресметуваат според промените на вредноста на валутите во кои МРТ врши плаќања на своите обврски спрема странските добавувачи. Во оваа група спаѓаат и дополнително утврдените расходи од минати години кои се остварени со износ од 2.665.197 денари и кои опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период, а се однесуваат на договори склучени во минати години.

### Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 70.089.651 денари што претставува 19,6% реализација на планираниот износ со финансискиот план за 2023 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како уметничко лизгање, фудбалски натпревари како Македонски фудбал, АБА Лига во кошарка, Светско првенство во ракомет, алпско и нордиско скијање и слично, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 20.069.594 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 23.708.051 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за откуп на права за пренос на Виенски концерт, права за пренос на Евросонг 2023, лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на права за емитување на емисии од разни области и за сите програмски сервиси на кои се емитува ТВ програмата (детски, едукативни, документарни) меѓу кои емисиите со наслов 7 минути здравје, Приказна – различни видови приказни, ТВ проект Дипломатија и бизнис, ТВ проект Околу светот и слично.

Трошоците за реализација на копродукциски проекти изнесуваат 26.312.006 денари и опфаќаат договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски емисии, Народни приказни на албански јазик, ТВ серија Во туѓа куќа на албански јазик, ТВ проект Агенда 35, копродукција за документарни емисии Акорди, ТВ серијал Кеќен притвор, концерт – песни за љубов и копнеж на Каролина и Дуке Бојаџиев и слично.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 12.901.744 денари и истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 28.361 денар, трошоците за ревизија на финансиски извештаи реализирани во износ од 911.196 денари, трошоците за авторски договори во износ од 2.809.340 денари кои се неопходни за надоместување на континуираниот недостиг од нови вреаботувања, трошоците за обезбедување на сателитски сегмент во износ од 2.062.299 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 4.233.181 денари и трошоците за мало авторско право – ЗАМП кои изнесуваат 2.804.947 денари.

## Инвестиции

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2023 година планирани се 45.000.000 денари но, во првиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки, односно истите се во тек.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2023 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,годишен одмор, боледување,платено отсуство) | 114,842,724 | 490,000,000 | 120,671,654 | 105.1 | 24.6 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 15,100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 58,812 | 1,200,000 | 135,072 | 229.7 | 11.3 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство и други трошоци) | 179,406 | 1,000,000 | 258,350 | 144.0 | 25.8 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,200,000 | 167,450 | | 14.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 546,400 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 228,560 | 350,000 | 9,520 | 4.2 | 2.7 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **115,855,902** | **509,500,000** | **121,242,046** | **104.6** | **23.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 212,744 | 1,800,000 | 365,261 | 171.7 | 20.3 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 185,085 | 2,000,000 | 212,494 | 114.8 | 10.6 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 0 | 1,000,000 | 76,232 | 0 | 7.6 |
| Сопствено возило за службени потреби | 0 | 400,000 | 38,845 | 0 | 9.7 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 20,700 | 200,000 | 32,780 | 158.4 | 16.4 |
| **Вкупно 2** | **418,529** | **5,500,000** | **725,612** | **173.4** | **13.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 114,173 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **114,173** | **300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **532,702** | **5,800,000** | **725,612** | **136.2** | **12.5** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 6,257 | 700,000 | 30,819 | 492.6 | 4.4 |
| Технички материјал | 0 | 1,000,000 | 721,085 | 0.0 | 72.1 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 200,000 | 550 | 0 0. | 0.3 |
| **Вкупно 4** | **6,257** | **1,900,000** | **752,454** | **12,025.8** | **39.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 66,680 | 1,000,000 | 254,491 | 381.7 | 25.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 200,000 | 9,605 | 0 | 4.8 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 300,000 | 0 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **66,680** | **1,500,000** | **264,096** | **396.1** | **17.6** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,514,437 | 60,000,000 | 6,824,914 | 271.4 | 11.4 |
| Трошоци за топлотна енергија | 5,639,874 | 12,500,000 | 6,312,863 | 111.9 | 50.5 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 0 | 3,500,000 | 324,195 | 0 | 9.3 |
| **Вкупно 6** | **8,154,311** | **76,000,000** | **13,461,972** | **165.1** | **17.7** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 0 | 1,700,000 | 6,254 | 0 | 0.4 |
| **Вкупно 7** | **0** | **1,700,000** | **6,254** | **0** | **0.4** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 95,036 | 600,000 | 86,333 | 90.8 | 14.4 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 484,218 | 2,000,000 | 440,476 | 91.0 | 22.0 |
| Трошоци за интернет | 199,302 | 800,000 | 69,868 | 35.1 | 8.7 |
| Поштарина | 34,938 | 300,000 | 31,158 | 89.2 | 10.4 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 789,697 | 10,000,000 | 2,867,231 | 363.1 | 28.7 |
| **Вкупно 8** | **1,603,191** | **13,700,000** | **3,495,066** | **218.0** | **25.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 791,361 | 4,500,000 | 1,099,878 | 139.0 | 24.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 112,598 | 3,500,000 | 324,498 | 288.2 | 9.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 59,950 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 43,079 | 2,500,000 | 238,192 | 552.9 | 9.5 |
| Одржување на GPS, ситен инвентар и автогуми | 0 | 100,000 | 7,062 | 0.0 | 7.1 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 249,864 | 1,000,000 | 250,174 | 100.1 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 700,920 | 3,700,000 | 923,586 | 131.8 | 25.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 8,247 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **1,966,019** | **16,300,000** | **2,843,390** | **144.6** | **17.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,280 | 30,000 | 1,950 | 152.3 | 6.5 |
| Дератизација и дезинсекција | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 205,239 | 950,000 | 207,732 | 101.2 | 21.9 |
| Трошоци за вода | 953,434 | 3,300,000 | 842,744 | 88.4 | 25.5 |
| **Вкупно 10** | **1,159,953** | **4,530,000** | **1,052,426** | **90.7** | **23.2** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 66,128 | 800,000 | 54,164 | 81.9 | 6.8 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 1,815 | 300,000 | 10,891 | 600.1 | 3.6 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 5,168 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **73,111** | **1,600,000** | **65,055** | **89.0** | **4.1** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,227,142 | 58,000,000 | 12,698,884 | 83.4 | 21.9 |
| **Вкупно 12** | **15,227,142** | **58,000,000** | **12,698,884** | **83.4** | **21.9** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 2,348 | 500,000 | 129,212 | 5,503.1 | 25.8 |
| **Вкупно 14** | **2,348** | **600,000** | **129,212** | **5,503.1** | **21.5** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 219 | 1,500,000 | 28,647 | 13,080.8 | 1.9 |
| **Вкупно 15** | **219** | **1,500,000** | **28,647** | **13,080.8** | **1.9** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 107,401 | 400,000 | 109,834 | 102.3 | 27.5 |
| **Вкупно 16** | **107,401** | **410,000** | **109,834** | **102.3** | **26.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди, консултанти, сертификати и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 19,787 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **19,787** | **270,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови па надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 1,659,002 | 9,000,000 | 1,821,704 | 109.8 | 20.2 |
| **Вкупно 18** | **1,659,002** | **9,000,000** | **1,821,704** | **109.8** | **20.2** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 731,086 | 4,400,000 | 479,081 | 65.5 | 10.9 |
| Судски трошоци и административни такси | 610 | 200,000 | 19,954 | 3,271.1 | 10.0 |
| **Вкупно 19** | **731,696** | **4,600,000** | **499,035** | **68.2** | **10.8** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 8,814,579 | 2,000,000 | 2,665,197 | 30.2 | 133.3 |
| **Вкупно 21** | **8,814,579** | **2,000,000** | **2,665,197** | **30.2** | **133.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,708,173 | 4,000,000 | 1,355,157 | 79.3 | 33.9 |
| **Вкупно 22** | **1,708,173** | **4,000,000** | **1,355,157** | **79.3** | **33.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 155,742 | 2,500,000 | 1,294,769 | 831.4 | 51.8 |
| **Вкупно 23** | **155,742** | **2,500,000** | **1,294,769** | **831.4** | **51.8** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра надвор од тендерска постапка | 42,380 | 880,000 | 124,327 | 293.4 | 14.1 |
| **Вкупно 24** | **42,380** | **880,000** | **124,327** | 293.4 | 14.1 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **41,497,991** | **201,290,000** | **42,667,479** | **102.8** | **21.2** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 11,619,310 | 53,930,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 13,345,018 | 98,400,000 | 23,708,051 | 177.7 | 24.1 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,413,399 | 0 | 0 | 0.0 | |
| Надомест за фестивали | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 14,482,252 | 94,000,000 | 20,069,594 | 138.6 | 21.4 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 41,775,820 | 110,500,000 | 26,312,006 | 63.0 | 23.8 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **83,635,799** | **358,230,000** | **70,089,651** | **83.8** | **19.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.01-31.03.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 45,039 | 250,000 | 44,996 | 99.9 | 18.0 |
| **Вкупно 26** | **45,039** | **250,000** | **44,996** | **99.9** | **18.0** |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 101,703 | 400,000 | 28,361 | 27.9 | 7.1 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 911,196 | 0.0 | 91.1 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,994,159 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 3,195,851 | 15,000,000 | 2,809,340 | 87.9 | 18.7 |
| Трошоци за проект Евровизија | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 2,839 | 0.0 | 1.4 |
| Надомест за обезбедување на сателитски сегмент | 938,075 | 2,100,000 | 2,062,299 | 219.8 | 98.2 |
| **Вкупно 27** | **6,229,788** | **21,150,000** | **5,814,035** | **93.3** | **27.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 3,966,063 | 14,000,000 | 4,233,181 | 106.7 | 30.2 |
| Котизации и акредитации | 0 | 60,000 | 3,085 | 0.0 | 5.1 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,629,081 | 13,500,000 | 2,804,947 | 106.7 | 20.8 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 3,600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **6,595,144** | **31,160,000** | **7,041,213** | **106.8** | **22.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 120,000 | 1,500 | 0.0 | 1.3 |
| **Вкупно 29** | **0** | **120,000** | **1,500** | **0.0** | **1.3** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **12,869,971** | **52,680,000** | **12,901,744** | **100.2** | **24.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **254,392,365** | **1,127,500,000** | **247,626,532** | **97.3** | **22.0** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 0 | 45,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **45,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **254,392,365** | **1,172,500,000** | **247,626,532** | **97.3** | **21.1** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2023г

**Состојбата на *денарските* сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2023г изнесува:**

- Комерцијална банка 4.578.429 денари
- Халк банка 25.059.318 денари
- Стопанска банка 737.171 денари
- Тутунска банка 8.288.580 денари
- Шпаркасе банка 3.798.830 денари
- Силк Роад банка 410.377 денари
- Прокредит банка 668.418 денари

***Вкупно на сметки : 43.541.123 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2023 година изнесува:**

- Стопанска банка 127 УСД
- Комерцијална банка 11.883 ЕУР
  2.964 АУД
  281 ДКК
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

### СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.03.2023 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.03.2023 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,080,761,250 | 2,061,392,672 | 99.1 |
| Побарувања од купувачите во странство | 71,371,912 | 70,573,326 | 98.9 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,664,130 | -2,080,488,673 | 99.9 |
| Вкупно: | 69,469,032 | 51,477,325 | 74.1 |

## Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,056,640,159 | 2,037,271,581 | 99.1 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,121,091 | 24,121,091 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,043,436,315 | -2,042,386,669 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **19,006,003** | **50.9** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата изнесуваат вкупно 19.006.003 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,019,782,756 | 2,018,735,731 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 31,656,887 | 13,517,993 | 42.7 |
| - радио и телевизиски услуги | 7,353 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 139,687 | 146,171 | 104.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода, струја, закуп) | 4,646,522 | 4,261,255 | 91.7 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 610,431 | 150.0 |
| - тужени побарувања (за РА и ТВ реклами и услуги, закупнини, ел. Енергија и др.) | 24,121,091 | 24,121,091 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,043,436,315 | -2,042,386,669 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **19,006,003** | **50.9** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.03.2023 година изнесуваат вкупно 32.471.322 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 35,590,351 | 34,455,659 | 96.8 |
| - ТВ услуги | 540,058 | 541,830 | 100.3 |
| - технички услуги | 3,020,959 | 3,030,873 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 31,031,648 | 32,094,469 | 103.4 |
| - фестивали во странство | 871,982 | 136,047 | 15.6 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 300,128 | 297,607 | 99.2 |
| - вредносно усогласување на побарувањата на побарувања | -39,227,815 | -38,102,004 | 97.1 |
| **Вкупно:** | **32,144,097** | **32,471,322** | **101.0** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2022 год. | состојба на 31.03.2023 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **342,561,379** | **354,438,564** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 82,418,642 | 68,297,164 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,678,298 | 60,159,529 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 42,312,198 | 38,617,625 |
| Обврски спрема вработените | 27,259,682 | 26,647,737 |
| Обврски за авторски договори | 7,867 | 22 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 149,163,078 | 149,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 819,959 | 785,512 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 10,766,900 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг) | 4,904,685 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **153,872,878** | **153,872,878** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 5,234,667 | 5,234,667 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 12,975,366 | 12,975,366 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 135,662,845 | 135,662,845 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **496,434,257** | **508,311,442** |

Состојбата на вкупните обврски на 31.03.2023 година изнесува 508.311.442 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.03.2023 година изнесува вкупно 674 лица, што е помалку за 7 лица во однос на состојбата на 31.12.2022 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2022 | 1 | 42 | 329 | 5 | 289 | 0 | 13 | 2 | 681 | |
| 31.03.2023 | 1 | 42 | 328 | 5 | 285 | 0 | 12 | 1 | 674 | -7 |
| структура 31.03.2023г.(%) | 0.1 | 6.2 | 48.7 | 0.7 | 42.3 | 0.0 | 1.8 | 0.1 | 100.0 | |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2023 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12/31/2022 | 461 | 154 | 26 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 2 | 681 | |
| 3/31/2023 | 456 | 153 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 2 | 674 | -7 |
| структура 31.03.2023г.(%) | 67.7 | 22.7 | 3.7 | 2.8 | 0.9 | 1.0 | 0.6 | 0.3 | 0.3 | 100.0 | |

Во текот на Првото тримесечје 2023 година во ЈРП МРТ состојбата за вработени е следна:
Четири лица - техничар 1 со ССС, возач со ССС, асистент во продукција со ССС и референт 1 со НСС се заминати во пензија. Едно лице монтажер 1 со ССС е починато, едно лице со ВСС користи неплатено отсуство од работа во рок од 3 месеци, додека пак, едно лице исто така со ВСС користи мирување на работен однос поради работа во странство - учество на програма за размена во Гласот на Америка на македонски јазик во Вашингтон.

Скопје, Април 2023 година

Директор на ЈРП МРТ

_________________________

Марјан Цветковски

Сектор за финансиско работење,
В.Димеска
С.Николовска
Е.Н. Христовска
Г.Атанасов